ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 49 ДАТА 12.XII.2018 ГОДИНА 36

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 49 ДАТА 12.XII.2018 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ВОНРЕДНОТО СОБРАНИЕ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 03.12.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

КМФ СК „ПРОЕКТ –ЦИКО„ с. Јосифово: Стоилов Т. Александаар и Танев В. Петар, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 11.12.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „НОВА КОЛОНИЈА„ н. Колонија: Блажевски Н. Иван, Петровски И.Стефан, Марио С. Комненовиќ, Стојановски М. Михаил, Арслан З. Ирфан, Крстевски В. Петар, Селмановски Ш. Амит, по член 35/1.

ФК „СКУПИ ПРОМОФООТ„ Скопје: Ќамили Ф. Ариан, Османи И. Јетмир, Крензи Л. Виган, Таири С. Ерди, Алиу Ф. Дијар, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 11.12.2018 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерите: Сантос Де Соуза Луиз Фелипе и Дамасцено Јозе Фереира Џеферсон го раскинаа договорот за професионално заниамвање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје фудбалерите: Дамасцено Де Лима Јозе Фереира Џеферсон и Сантос Де Соуза Луиз Фелипе од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ЛИПКОВО

**Седница од 10.12.2018 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб „Лојане„ од с. Лојане, согласно решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 5792690.

ФФМ

Вонредно Генерално Собрание
9 Декември 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-2661/2
10 12 2018 год.

Врз основа на член 52 став 3 и 4 вв со член 88 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.12.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се усвојува извештајот на Комисијата за избори и верификација на мандатите на делегатите на Собранието на ФФМ, за делегати на Собранието на ФФМ, од листа на заменици на делегати.

**2.** Се верификуваат мандатите на делегати од листи на заменици на Собранието на Фудбалската федерација на Македонија, со мандат до Редовно годишно Изборно Собрание 2021 година и тоа:

1. Кирил Изов
2. Александар Стојановски

**3.** Се утврдува дека на седницата на Собранието од вкупно 96 делегати присутни се 88 делегати и тоа:

1. Зоран Христовски
2. Златко Ралевски
3. Благојче Ангелевски
4. Бруно Пресилски
5. Гордана Цветковска Бошевска
6. Славе Крстев
7. Зоран Јовановиќ
8. Горан Манчев
9. Благој Петров
10. Роберт Гочевски
11. Драган Јорданов
12. Трајанчо Цилаков
13. Благоја Станојовски
14. Боби Стевковски
15. Ристо Донев
16. Зоран Михајловски
17. Кирил Изов
18. Тихо Чурлинов
19. Мишел Истатов
20. Алајдин Асани
21. Берат Исмаили
22. Менсур Јакуп
23. Љубе Ристевски
24. Гоце Цветановски
25. Јордан Мицковски
26. Сашко Тасев
27. Игор Франговски
28. Драган Блажевски
29. Горан Бошевски
30. Исљам Исмаили
31. Џевдад Далипи
32. Марјан Ристевски
33. Владо Андов
34. Зоран Васевски
35. Виктор Ефтимов
36. Драган Иванов
37. Добринко Илиевски
38. Горан Георгиевски
39. Зоран Митковиќ
40. Саша Митиќ
41. Аки Шукрија
42. Скендер Исмаили
43. Сашо Стојановски
44. Ивица Секулоски

45. Орданчо Ангелов
46. Димче Поповски
47. Целе Ивановски
48. Стојан Сукловски
49. Сашо Иваноски
50. Ирена Јакимовска
51. Гоце Ингилизов
52. Марјан Ристески
53. Ацо Алексоски
54. Цветан Гаврилов
55. Сретен Милосовски
56. Миле Тановски
57. Роберт Пластиновски
58. Златко Чубриновски
59. Горан Михајловски
60. Реуф Муминовиќ
61. Расим Муминовиќ
62. Ален Жута
63. Слободан Јуловски
64. Дритан Бакали
65. Ѓорѓи Гоцевски
66. Илија Стоилов
67. Илија Панов
68. Благој Митев
69. Илија Митров
70. Бернард Симеонов
71. Димитар Маџунаров
72. Фисник Хисени
73. Дритон Муслиу
74. Јовица Илиевски
75. Раман Ајети
76. Бранко Зафиров
77. Томе Шескокалов
78. Ванчо Костадиновски
79. Дејан Ачовски
80. Јован Стојановски
81. Илир Бектеши
82. Алили Шкодран
83. Мујдин Исмаили
84. Сашко Николов
85. Дарко Черкезив
86. Синиша Стојчевски
87. Роберт Стојановски
88. Александар Стојановски

**4.** Се утврдува дека највозрасен помеѓу делегатите на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија е делегатот Јордан Мицковски.

**5.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**6.** Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ - Макфудбал.

**Образложение**

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 09.12.2018 година, го усвоија извештајот на Комисијата за избори и верификација, по што донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Овластено лице
Муамед Сејдини

Претседавач,
Јордан Мицковски

Деловоден бр.0201-2661/2

Вонредно Генерално Собрание
9 Декември 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-2661/3
10. 12 2018 год.

Врз основа на член 46 став 3 точка од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.12.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. За претседавач на Вонредното Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија, од редот на делегатите се назначува најстариот делегат на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија, г-дин Јордан Мицковски.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ - Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 09.12.2018 година, согласно член 46 став 3 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, го утврди и назначи највозрасниот делегат од редот на делегатите на Собранието, г-дин Јордан Мицковски за претседавач на Вонредното Генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија.

Фудбалска Федерација на Македонија

Овластено лице,
Муамед Сејдини

Претседавач,
Јордан Мицковски

Деловоден бр.0201-2661/3

Вонредно Генерално Собрание
9 Декември 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-2661/7
10. 12 2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 14 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.12.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **СЕ УСВОЈУВА** Записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 17.02.2018 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 09.12.2018 година, го разгледаа и усвоија записникот од одржаната седница на Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија од 17.02.2018 година.

Фудбалска Федерација на Македонија

Овластено лице
Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE СКОПЈЕ

Претседавач,
Јордан Мицковски

Деловоден бр.0201-2661/7

Вонредно Генерално Собрание
9 Декември 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201 - 2661/9
10. 12 2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 32 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.12.2018 година Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Се потврдува Одлуката бр. 0202-1461/4 од 19.06.2018 година на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, донесена врз основа на член 109 став 1 алинеа 19 од Статутот на Фудбалската Федерација, со која се избира Димитар Костадинов за член на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија со мандат до Редовно Изборно Собрание на ФФМ кое ќе се одржи во 2021 година.

**2.** Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

**3.** Одлуката да се објави во стручно информативното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Делегатите на Собранието на ФФМ, на седницата одржана на 09.12.2018 година, ја потврдија одлуката бр. 0202-1461/4 од 19.06.2018 година на Управниот одбор донесена врз основа на член 109 став 1 алинеа 19 од Статутот на Фудбалската Федерација, по што се донесе одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Овластено лице
Муамед Сејдини

Претседавач,
Јордан Мицковски

Деловоден бр.0201-2661/9

Вонредно Генерално Собрание
9 Декември 2018 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0201-2661/10
10.12.2018 год.

Врз основа на член 58 став 1 точка 1 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.12.2018 година, Собранието на Фудбалската федерација на Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФФМ

**1.** Се усвојуваат предложените измени и дополнувања на Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија.

**2.** Се дополнува Статутот со нова одредба 91 б и се врши измена и дополнување на членовите 43, 53, 62, 65 , 86, 91 92, 93, 95, 109, 110 и 112 од Статутот на ФФМ ( Макфудбал, вонреден број 7од 02.03.2017год.) на начин што:

**2.1** Во член 43 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- во став 1 ,точката 3 , се додава „/л" и се бришат зборовите „како нејзин член",
- се додадава нов став 3 кој гласи:

*Кандидатот за Претседател, во годината кога му завршува мандатот, не смее да ја надмине возраста определена како највисока согласно позитивните законски прописи кои го уредуваат и регулираат правото на остварување на старосна пензија.*

став 3 станува став 4.

<u>член 43 гласи:</u>

*(1)Кандидатот за Претседател, член на орган или тело на ФФМ мора кумулативно да ги исполнува следните услови:*

1. *Да е државјанин на Република Македонија најмалку 10 години;*
2. *Да е целосно деловно способен и да има наполнето најмалку 18 години;*
3. *Активно да учествува/л во активностите на фудбалската организација;*
4. *Во периодот на избор да не е суспендиран, и да не издржува мерка забрана на вршење функција, изречена или потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА;*
5. *Да не е исклучен од членство.*

*(2)Покрај наведените услови кандидатите за Претседател на ФФМ и членови на Управен одбор на ФФМ, треба да достават и потврда за неосудуваност за кривични дела за кои се изрекува казна затвор во траење подолго од 6(шест) месеци.*

*(3)Кандидатот за Претседател, во годината кога му завршува мандатот, не смее да ја надмине возраста определена како највисока согласно позитивните законски прописи кои го уредуваат и регулираат правото на остварување на старосна пензија.*

*(4)Управниот одбор може да определи дополнителни критериуми за членство во постојаните и ад-хок комисии.*

**2.2** Во член 53 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став (2) на член 53 со додавање на две нови алинеи пред постоечките и дополнување на постоечките со зборот „при" пред текстот кои стануваат трета и четврта алинеа:
*(1)- при избор на Претседател согласно член 91 став 4 и член 91 б од овој Статут;*
*(2) - при престанок на функцијата Претседател согласно член 91 став 4 од овој Статут и член 91 б ;*
*(3) – се додава зборот "при" ;*
*(4) - се додава зборот "при" .*

член 53 гласи:

*(1)Бројот на мандатите во Генералното собрание се утврдува на изборното собрание и истиот е константен за време на еден изборен циклус од 4 години.*

*(2)Бројот на мандатите може да се зголеми односно намали во следните случаи:*
*- при избор на Претседател согласно член 91 став 4 и член 91 б од овој Статут;*
*- при престанок на функцијата Претседател согласно член 91 став 4 и член 91 б од овој Статут;*
*- при прием на нова членка;*
*- при исклучување на членка;*

*(3)При исцрпување на листата на делегати за замена , истата не се надополнува.*

*(4)На членката под суспензија, за времетраење на суспензијата и мирува правото на учество во работатата во собранието.*

**2.3** Во член 62 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- Во став 2 се брише втората алинеа која гласи:„ избор на Претседател во прв круг ".
- Се додава нов став 4 кој гласи:
*„(4) За избор на Претседател во прв круг потребно е мнозинство на повеќе од половината од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките на ФФМ.*

*Член 62 гласи:*

*(1)Основно правило е Собранието одлуките да ги носи со мнозинство од присутните делегати.*

*(2)Исклучок од основното правило за донесување на одлуки е гласањето по подолунаведените точки на дневниот ред, за чие усвојување потребно е квалификувано мнозинство од 2/3 од присутните делегати и тоа:*

*- измени и дополнувања на Статутот;*

*- исклучување на членка;*

*(3)За усвојување на точките на дневен ред: доверба на Претседател и Управен одбор и анализа на условите за распуштање и распуштање на ФФМ,потребно е квалификувано мнозинство од 2/3 од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките.*

*(4)За избор на Претседател во прв круг потребно е мнозинство на повеќе од половината од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките на ФФМ.*

**2.4** Во член 65 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менуваат став (2) и став (3) на член 65 на начин што:
во став(2) се брише зборот „ присутни", по зборот делегати се додава„ на Собранието на ФФМ";
во став (3) се бришат зборовите „2/3 квалификувано мнозинство од присутните делегати" и се додаваат зборовите „ мнозинство од вкупниот број на делегати на Собранието на ФФМ".

член 65 гласи:

*(1)Изборот на Претседател на ФФМ се врши по позиција.*

(2)Кога за функцијата Претседател има само една кандидатура, Претседателот може да се избере со акламација и/или мнозинство од вкупниот број на делегати на Собранието на ФФМ.

(3)Кога се избира Претседател помеѓу два и повеќе кандидати, за избор во првиот круг потребно е мнозинство од вкупниот број на делегати на Собранието на ФФМ.

*(4)За избор во вториот или секој нареден круг, изборот е извршен доколку за кандидатот се изјасниле повеќе од половината од присутните делегати.*

*(5)Доколку изборниот процес е нужно да се одвива во повеќе кругови а ниеден кандидат не го освоил потребното мнозинство на гласови , во секој нареден круг кандидатот со најмал број на гласови отпаѓа од изборната трка, кандидатот што останал е избран за Претседател.*

**2.5** Во член 86 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став 3 и се додава нов став 4:
(3) став 3 се менува на начин што се бришат сите зборови: Комисијата полноважно заседава во полн состав и одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови , новиот став 3 гласи: За полноважно одлучување на Комисијата потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.
(4) став 4 гласи: Комисијата, одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.

член 86 гласи:

*Комисијата за избори и верификација е колегијален орган.*

*Изборот на членовите на Комисијата го врши Генералното собрание на предлог на Управниот одбор на ФФМ .*

*За полноважно одлучување на Комисијата потребно е присуство на повеќе од половината од вкупниот број на членови.*

*Комисијата, одлуките ги носи со мнозинство на гласови од присутните членови.*

**2.6** Во член 91 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менуваат став 1,став 3, се додава нов став 4, ставовите 4 и 5 стануваат редоследно 5 и 6, се додава нов став 7, ставот 6 станува став 8 и истиот се менува:
(1) став 1 се менува на начин што се бришат зборовите„од редот на делегатите на Генералното собрание"
(3) став 3 се менува на начин што се бришат сите зборови „ Со изборот за функцијата Претседател на ФФМ, на Претседателот не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ." и истиот гласи: „На кандидатот за Претседател на ФФМ од редот на утврдените делегати, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ."
(4) се додава нов став 4 кој гласи: „ Кандидатот за Претседател на ФФМ кој не е од редот на утврдените делегати на собранието , по изборот на функцијата Претседател на ФФМ се стекнува со делегатски статус."
(5) претходниот став 4 станува став 5
(6) претходниот став 5 станува став 6
(7) се додава нов став 7 кој гласи: „Претседателот на ФФМ кој се стекнал со делегатскиот статус по изборот за Претседател на ФФМ, во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, го губи делегатскиот статус"
(8) ставот 6 станува редоследно став 8 и се менува на начин што по зборот „Претседател" се додаваат зборовите „на ФФМ".

<u>член 91 гласи:</u>

*(1)На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание,во пропишана постапка согласно утврдените критериуми во овој Статут.*

*(2)Во случај членките на ФФМ во своите статути да немаат определено надлежен орган, за надлежен орган се смета собранието на членката.*

*(3)На кандидатот за Претседател на ФФМ од редот на утврдените делегати, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ.*

*(4)Кандидатот за Претседател на ФФМ кој не е од редот на утврдените делегати на собранието , по изборот на функцијата Претседател на ФФМ се стекнува со делегатски статус.*

*(5)За исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател одлучува Комисијата за избори и верификување.*

*(6)Претседателот на ФФМ по функција е Претседател на Генералното собрание и Претседател на Управниот одбор на ФФМ.*

*(7)Претседателот на ФФМ кој се стекнал со делегатскиот статус по изборот за Претседател на ФФМ, во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, го губи делегатскиот статус.*

*(8) Мандатот на Претседателот на ФФМ согласно одредбите на овој Статут изнесува 4 (четири) години со право на повторен избор.*

**2.7** Се дополнува Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија со нов член 91 б кој гласи:

*(1)Во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, се спроведува вонреден избор на Претседател на ФФМ за преостанатото времетраење на мандатот.*

*(2)На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание, во пропишана постапка согласно член 91 и утврдените критериуми во овој Статут.*

*(3)Исклучок од став 2 на овој член претставуваат членките на ФФМ кои дале предлог за член на УО кој е избран од страна на Генералното собрание.*

*(4)Членките од претходниот став, за кандидат за Претседател на ФФМ имаат право да го предложат единствено избраниот член на Управниот одбор.*

*(5)Доколку во период од 6 месеци, пред одржување на Вонредното изборно генерално собрание за избор на Претседател на ФФМ, на членовите на Управниот одбор им престане мандатот, врз основа на член 99 став 1 алинеа 3,4 и 5 од овој Статут, членката која го предложила членот на Управниот одбор, не може да го користи стекнататото право од став 4 на овој член, ниту може да предложи друг кандидат за Претседател.*

**2.8** Во член 92 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- во став 1 ,алинеа 6 , се брише „и" од зборот потпретседатели и истиот останува во еднина.

<u>член 92 гласи</u>**:**

*(1)Претседателот на ФФМ ги има следните надлежности:*

- *претседава со седниците на Генералното собрание и ги потпишува актите и одлуките на Генералното собрание;*
- *ги свикува, предлага дневен ред и претседава со седниците на Управниот одбор и Одборот за итност и ги потпишува сите акти и одлуки кои произлегуваат од работењето на овие органи;*
- *им доделува на членовите на УО координативни задачи и функција на претседавач во постојаните и ад-хок комисии на УО;*
- *го следи спроведувањето на одлуките донесени од Генералното собрание, Управниот одбор и Одборот за итност на ФФМ;*

- *ја следи работата на статутарните органи во насока на остварување на целите утврдени во овој Статут;*
- *предлага потпретседател на Управниот одбор на ФФМ;*
- *ја следи и раководи со работата на административниот орган на ФФМ;*
- *предлага избор и разрешување на Генералниот секретар и менаџерската структура на ФФМ;*

*(2)Останатите надлежности на Претседателот се уредени во Правилникот за организација на ФФМ.*

**2.9** Во член 93 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став (1) на член 93 на начин што се бришат зборовите „еден од потпретседателите", а се додава зборот „потпретседателот".

член 93 гласи:

*(1)Во случај на привремена или трајна спреченост на Претседателот да ја извршува функцијата Претседател на УО и Одборот за итност, функцијата на предлог на Претседателот или УО, ја извршува Потпретседателот, до престанување на околностите кои довеле до спреченоста на извршувањето на функцијата.*

*(2)Доколку спреченоста на извршување на функцијата трае повеќе од 6(шест) месеци, се закажува седница на Генералното собрание, редовна или вонредна, со цел избор на Претседател на ФФМ за преостанатото времетраење на мандатот.*

**2.10** Во член 95 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менуваат став (1, алинеа 2 и 3) и став (4) на член 95 на начин што:
во став (1, алинеа 2) се брише „и" од зборот потпретседатели и истиот останува во еднина; во алинеа(3) бројот 12 се менува во 13;
во став (4) се брише „и" од зборот потпретседатели и истиот останува во еднина.

член 95 гласи:

*(1)Управниот одбор брои 15 члена и го сочинуваат:*

- *Претседател*
- *потпретседател*
- *13 члена*

*(2)По исклучок согласно член 70 од овој Статут, Управниот одбор може да брои најмногу 19 члена.*

*(3)Претседател на Управниот одбор е Претседателот на ФФМ.*

*(4)Членовите на УО на конститутивната седница на предлог на Претседателот од сопствените редови бираат потпретседател.*

**2.11** Во член 109 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став 1 алинеа 20 на начин што се брише „и" од зборот потпретседатели и истиот останува во еднина.

член 109 став 1 алинеа 20 гласи:

*(1)Управниот одбор има надлежност да одлучува за сите прашања за кои не се надлежни останатите статутарни органи меѓу кои:*

*(20) - на предлог на Претседателот избира потпретседател на УО;*

**2.12** Во член 110 Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став (1) на начин што се бришат зборовите „еден од потпретседателите" и се додава зборот потпретседател.
- се менува став(2) на начин што се бришат зборовите„ го повикува другиот потпретседател, а во случај на спреченост," се додава зборот„повикува"

член 110 гласи:

*(1)Одборот за итност е тело на Управниот одбор составено од 3(три) члена : Претседател, потпретседател и еден член на УО определен од Претседателот.*

*(2)Во случај на отсуство на потпретседателот од став 1 на овој член , Претседателот повикува друг член на Управниот одбор.*

*(3)Одборот за итност одлучува помеѓу две седници на Управниот одбор за итни прашања кои се во надлежност на Управниот одбор.*

*(4)Одборот за итност го свикува и со него претседава Претседателот.*

**2.13** Во член 112 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија:
- се менува став (3) на начин што по зборот„претседава" се бришат зборовите „ другиот потпретседател " и се додаваат зборовите „највозрасниот член на УО".
- се брише став(4): „ Во случај на спреченост на другиот потпретседател, со Одборот за итност претседава членот на УО со најдолго искуство како член на УО ,а во одлучувањето учествува уште еден член на предлог на Претседателот."

член 112 би гласел:

(1)Во случај на судир на интереси било кој член на Одборот за итност треба да се изземе од одлучување, самостојно или по службена должност.

(2)Во случај на судир на интереси на Претседателот, со Одборот за итност претседава потпретседателот.

(3) Во случај на судир на интереси на Претседателот и потпретседателот од член 110 став 1 на овој Статут, со Одборот за итност претседава највозрасниот член на УО.

**3.** Оваа одлука и Статутот на Фудбалската федерација на Македонија – пречистен текст, да се достави до Централниот регистар на РМ заради евиденција.

**4.** Оваа одлука и Статутот на Фудбалската федерација на Македонија – пречистен текст да се објави во стручно-информативното гласило на ФФМ „Макфудбал".

**5.** Одлуката стапува на сила веднаш.

**6.** Измените и дополнувањата на Статутот стапуваат на сила 8(осум) дена од денот на објава во „Макфудбал".

## Образложение

Делегатите на Собранието на Фудбалската федерација на Македонија на седницата одржана на 09.12.2018 година поаѓајќи од веќе утврдената потреба согласно Одлуката на Управниот одбор од 15.09 2018 година и Заклучокот бр. 0202-2317/8 од 26.10.2018 година, за пристапување кон отварање на Статутот на ФФМ со цел измени и дополнувања на одредбите кои го уредуваат изборот на Претседател пристапија кон разгледување на предложените измени и дополнувања на истиот.

Делегатите утврдија дека измената и дополнувањето на одредбите од членовите 91, ново предложениот 91 б како и на одредбите од членовите 43, 53, 65 и 86 покрај олеснување на процесите за кандидирање и избор ќе придонесат и во зајакнување на заштитата на интегритетот на процесот на управување. Истотака утврдија дека дел од предложените дополнувања кои се однесуваат на критериумите за кандидирање направени се и во насока на прифаќање на утврдени стандарди во општеството за успешно справување со предизвиците кои со себе ги носи работниот процес. Во врска со наведеното утврдија промена во критериумите за кандидирање во член 91. Изменето е претходното решение со кое кандидатот за претседател се бираше од редот на делегатите. Со предложената измена во овој член кандидатот за претседател може и не мора да биде од редот на делегатите на Собранието. Делегатите утврдија дека доколку кандидатот за претседател не е од редот на делегатите на Собранието, со чинот на избор по автоматизам се стекнува со делегатски статус. Истотака утврдија дека во случај на предвремено завршување на мандатот, претседателот избран од редот на делегатите, по изборот го задржува делегатскиот статус . Доколку кандидатот за претседателот се стекнал со делегатскиот

статус со чинот на избор при предвремено завршување на мандатот по автоматизам го губи делегатскиот статус.

Делегатите утврдија потреба од нов член 91 б за уредување на начинот на постапување и право на предлагање на кандидат за претседател во случај на вонреден избор на претседател. Со оваа одредба им се дава право на сите членки да даваат предлози за претседател за преостанатиот дел од мандатот, вклучително и на членките чии предлози за членови на Управен одбор биле прифатени и истите биле избрани од страна на Генералното собрание како членови на Управен одбор. Одредбите од овој член уредуваат различно постапување за споменатите членки при предлагање на кандидат, имајќи во предвид дека Претседателот на ФФМ согласно член 95 од Статутот е член на Управниот одбор, така даденото право се уредува на начин што може да го предложат единствено избраниот член на УО. Во насока на заштита на интегритетот на процесот на управување ,во став 5 утврдено е доколку на избраниот член на УО предложен од членката, му заврши мандатот предвреме и тоа во периодот од 6 месеци пред одржување на вонредното изборно собрание поради: изречена или потврдена дисциплинска мерка од орган на ФФМ - забрана на вршење фунцкија во траење од 6 месеци и повеќе; неоправдано отуство на 3 последователни седници или поднесување на оставка, членката да не може да располага повеќе со стекнатото право од овој член (став 4), ниту да може да предложи друг кандидат.

Делегатите утврдија измена на условите кои кандидатот треба да ги исполнува а се уредени во член 43, па со интервенцијата направена во точка 3 на првиот став и бришење на зборовите „како нејзин член", овозможено е проширување и олеснување на процесот за кандидирање, како и овозможување да се кандидира и кандидат кој претходно активно учествувал во активностите на фудбалската организација во целина. Во рамките на овој член, во став 3 имајќи го во предвид широко отворениот процес од една страна како и динамиката на работниот процес и одговорноста на позицијата претседател од друга страна додаден е и услов во насока на имплементирање на веќе утврдените стандарди во општеството преточени во законски норми, за успешно справување со предизвиците кои со себе ги носи работниот процес.

Имајќи ги во предвид измените во член 91 и 91 б направено е усогласување на член 53 став 2 па се додадени две алинеи кои уредуваат дека стекнувањето и губењето на делегатскиот мандат на претседателот по автоматизам влијае и го менува бројот на мандатите во собранието.

Член 65 го уредува мнозинството кое е потребно за кандидатот за претседател да биде избран. За разлика од претходното решение со кое се правеше разлика во зависност од бројот на кандидатите па предвидуваше различни мнозинства во првиот круг кога се работи за еден или повеќе кандидати, со измената се утврдува исто мнозинство за избор во првиот круг независно од бројот на кандидатите и како потребно мнозинство за избор во првиот круг, се утврдува мнозинството од вкупниот број на делегати на собранието. Измената на оваа одредба има влијание на одредбите од член 62 кој уредува правило и исклучоци при усвојување на одлуки од страна на Собранието. Како основно правило уредено е дека собранието одлуките ги носи со мнозинство од присутните делегати. Како исклучоци покрај наведените се додава нов

став 4 кој уредува дека за избор во прв круг потребно е мнозинство од вкупниот број на делегати кои ги претставуваат членките и заради усогласување се брише втората алинеа на став 2.

Измената од член 86 се однесува на Комисијата за избори и верификација. Оваа измена претставува усогласување со одлуката на ова собрание со која е утврден нејзиниот состав. Се менува став 3 и се додава нов став 4.

Делегатите го ценеа мислењето на предлагачот кој земајќи ја во предвид досегашната пракса во работењето, утврдил поголема целисходност во претходното решение со кое беше утврдена една позиција за потпретседател на Управниот одбор, од тие причини утврдија измени и дополнувања и на членовите 92, 93, 95, 109, 110 и 112 од Статутот на ФФМ.

Согласно надлежности од Статутот, делегатите на Собранието ги усвоија сите предложени измени и дополнувања на Статутот на ФФМ и донесоа одлука како во диспозитивот.

Фудбалска Федерација на Македонија

Овластено лице

Муамед Сејдини

Претседавач,

Јордан Мицковски

Деловоден бр. 0202-2661/10

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10 - 2510/2 15.11. 2018 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав:Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Симона Костадинова - член, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими - член постапувајќи по жалбата поднесена од Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД Скопје, пр.бр. 08-1715/4 од 27.09.2018 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1715/3 од 11.09.2018 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 15.11.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата бр. 08-1715/4 од 27.09.2018 година поднесена од Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД Скопје се одбива како неоснована.
2. **Се потврдува** одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1715/3 од 11.09.2018 година, со која на Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер регистриран за ФК Шкупи 1927 АД Скопје, врз основа на 64 и 64а,член 70 од ДП на ФФМ поради сторен прекршок од член 64 вв со член 64а- присуство на забранети супстанци во примерокот за допинг контрола земен од фудбалерот надвор од натпреварувањето, му се ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка – Забрана за настап во траење од 2 (две)години. На казнетиот Муарем Муарем во изречената дисциплинска мерка од точка 1 на оваа одлука му се засметува времето поминато под суспензија сметано од 23.07.2018 година до започнување со издржување на дисциплинската мерка изречена како во точка 1 на оваа одлука.
3. Одлуката е конечна.
4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД Скопје незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-1715/3 од 11.09.2018 година поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење бр.0801-1715/5 од 03.10.2018 година.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и утврди дека фудбалерот жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ со која му е изречена дисциплинска мерка - Забрана за настап во траење од 2 (две)години. Мерката е изречена поради сторен прекршок од член 64 вв со член 64а- присуство на забранети супстанци во примерокот за допинг контрола земен од фудбалерот надвор од натпреварувањето.

Подносителот на жалбата наведува дека ја обжалува одлуката на Дисциплинската комисија поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Наведува дека бил сослушан од Дисциплинската комисија и дека поднел релевантна медицинска документација од која првостепениот орган можел да ја утврди неговата здравствена состојба од која боледувал последните две години кога му биле дијагностицирани: Хроничен синуситис, Полиподна синусна дегенерација, Астма и Акутен бронхитис. Исто така наведува дека за здравствената состојба бил

известен клубскиот лекар кој  таа функција во клубот ја извршувал во последните три месеци. Клубскиот лекар бил известен за терапијата која му била препишана на подносителот од неговиот матичен лекар и која требало да ја прима пред подложување на оперативен третман. Подносителот наведува дека клубскиот лекар му потврдил дека може да ја користи препишаната терапија вклучително и сирупот Спиропен кој ја содржел супстанцата Кленбутерол а се наоѓа на Листата на забранети супстанци на Вада. Понатаму наведува дека и во образложението на одлуката на првостепениот орган е наведено дека клубскиот лекар потврдил дека се работи за невнимание од негова страна, кога изјавил дека без да провери му дозволил да го користи сирупот со забранетата супстанца кој му го препишал матичниот лекар, а за кој сметал дека е на природна база и не содржи недозволиви супстанци. Наведува дека го предупредил матичниот лекар дека е спортист и дека треба да внимава лековите да не содржат недозволива супстанца на што добил потврда дека предметниот лек не содржи кортикостероиди.

Подносителот на жалбата смета дека ги превземал сите мерки за да не се доведе во ситуација, недозволена супстанца да влезе во неговиот организам при тоа земајќи во предвид дека за земањето на медикаментите се консултирал со двајцата лекари (матичниот и клубскиот). Смета дека повредата на анти-допинг правилото не е направена намерно со цел да се подобрат неговите перформанси туку дека е направена ненамерно од страна на лекарите со цел да се подобри неговата здравствена состојба. Понатаму наведува дека  не постои вина од негова страна како и дека истото го утврдила и Дисциплинската комисија во образложението на одлуката кога навела дека согласно доказите утврдила дека фудбалерот медикаментот го користел само во терапевтски цели. Смета дека поради погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба погрешно е применето и материјалното право односно Дисциплинската комисија требала наместо 64 и 64а да го примени член 64 в од ДП на ФФМ. Подносителот предлага жалбата да биде усвоена во целост, одлуката да биде укината или преиначена на начин што ќе се утврди  дека не е сторен прекршок по член 64 и 64а или ќе изрече поблага казна утврдена со член 64в од ДП на ФФМ

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и при утврдување на фактичката состојба ги зема во предвид и материјалните докази достапни од првостепената постапка меѓу кои:

- Пријава од Комисијата за медицина и анти – допинг  бр.08-1715/1 од 20.07.2018 година и прилозите кон истата(наод  од анализата на  примерок од урина земен од пријавениот фудбалер Муарем Муарем на ден 08.07.2018 на стадионот на ФК Шкупи во Скопје, надвор од натпреварување, преку допинг контрола извршена во лабароторија акредитираната од ВАДА во Сеиберсдорф, Австрија, со кодиран број за А и Б шишенцата – А4128945, за присуство на супстанцата: Кленбутерол );
- Одлука за покренување на дисциплинска постапка и барање на изјава бр. 0801-1715/2 од 23.07.2018 год.
- Изјава од Муарем Маурем  од 26.07.2018 година, заведена под дел бр. 0801-1715/3.
- Лекарски извештај од 31.05.2017 година од Аџибадем Систина
- Извештај од  Поликлиника МХ Сити Медика направен од -д-р Марија Христова од 04.07.2018 година;
- Лекарски извештај од Аџибадем Систина,направен од д-р Сенчо Нетков на 05.07.2018 година;

- Лекарски извештај од Аџибадем Систина , направен од д-р Александар Лазаревски од 05.07.2018 година;
- Отпусно писмо од Ремедика издадено на 25.07.2018год, со д-р Весна Дуковска Петреска како отпусен лекар;
- Одлука од Дисциплинска комисија бр. 0801-1715/3 од 11.09.2018 год.

Комисијата утврди дека согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, првостепениот орган при одлучување ги земал во предвид и одредбите на Правилникот за анти-допинг на ФИФА, како и Листата на забранети супстанци за 2018 година објавена од ВАДА.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 08.07.2018 година на стадионот на ФК Шкупи во Скопје, надвор од натпреварување, на Муарем Муарем со ИД 103757 , фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД Скопје направена му е анти-допинг контрола од страна Претседавачот на Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ. На фудбалерот земен му е примерок од урина. По направените анализи на земениот примерок извршени во лабараторијата акредитирана од ВАДА во Сеиберсдорф, Австрија, со кодиран број за А и Б шишенцата – А4128945 и утврдено присуство на супстанцата: Кленбутерол која спаѓа во групата С1.2 други анаболични агенси на ВАДА забранетата листа од 2018 година, Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ на 20.07.2018 година поднела пријава против Муарем Муарем до Дисциплинската комисија за прекршување на анти-допинг правилата. Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на Пријавата од Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ покренала дисциплинска постапка против жалителот. Во текот на постапката, првостепениот орган ги сослушал сега подносителот, пријавителот и клубскиот лекар д-р Харкан Мемеди. За време на постапката подносителот поднел дополнителна медицинска документација цитирана погоре. Од медицинската документација и изјавите на подносителот на оваа жалба, пријавителот и клубскиот лекар, првостепениот орган утврдил дека Муарем Муарем како фудбалер на ФК Шкупи по враќање од подготовки во Турција се соочил со влошување на здравствената состојба поврзана со проблеми со респираторните органи која претходно му била дијагностицирана во 2017 година, за што го информирал клубскиот лекар а до првостепениот орган доставил Лекарски извештај од 31.05.2017 година од Аџибадем Систина. Поради влошената состојба, подносителот побарал медицинска помош на 04.07.2018 година кај матичниот лекар, за што сведочи Извештај од Поликлиника МХ Сити Медика направен од -д-р Марија Христова на 04.07.2018 година. На 05.07.2018 година подносителот направил преглед во Аџибадем Систин, за што сведочи Лекарски извештај од Аџибадем Систина , направен од д-р Сенчо Нетков на 05.07.2018 година. На фудбалерот од страна на матичниот лекар му била препишана терапија која го содржела и сирупот Спиропен. Клубскиот лекар бил известен за терапијата која му била препишана на подносителот од матичниот лекар, и истиот на подносителот му одобрил користењена терапијата, вклучително и сирупот Спиропен без претходно да се информира за присуство на забранети супстанци – видно од изјавата дадена на записник во првостепената постапка. Фудбалерот на 24.07.2018 година направил хируршка интервенција за што доставил до првостепениот орган Отпусно писмо по направената хируршка интервенција за отстранување на полипи во Ремедика, потпишано од отпусен лекар,д-р Весна Дуковска Петреска од 25.07.2018год.

Евидентно од изјавата на фудбалерот дадена пред првостепениот орган во периодот пред да почне со терапијата а согласно правилата за анти-допинг на ФИФА и ФФМ фудбалерот не побарал и не поседувал Дозвола за Терапевтска Употреба на споменатите супстанци ниту навел оправдана причина таквата дозвола да биде издадена во согласност со Интернационалните Стандарди за издавање на Дозвола за Терапевтска Употреба, ниту пак навел било каква друга постапка која би предизвикала таков резултат од анализата. Првостепениот орган утврдил дека Дозволата за Терапевтска Употреба е достапна и преку веб страната на ФФМ.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, а во врска со одредбите за анти-допинг утврдени во Правилникот на ФФМ и ФИФА оваа Комисијата утврди дека се неосновани наводите на подносителот на жалбата за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Првостепениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и проценил дека жалителот има одговорност за внесот на забранетата супстанца и покрај тоа што направил консултација со клубскиот доктор кој не бил доволно информиран а за што истиот треба да сноси посебна одговорност. Подносителот на жалбата ,дотолку повеќе што е професионален фудбалер, согласно член 6 од Правилникот за анти-допинг на ФИФА имал лична одговорност да не дозволи внесување во организмот на супстанци забранети со Листата на забранети супстанци за 2018 година објавена од ВАДА. Подносителот имал обврска навремено да се информира за Листата на забранети супстанци а во случај на неопходност на внес на такви супстанци имал обврска да поседува Дозвола за Терапевтска Употреба која во конкретниот случај не ја поседувал.

Комисијата истотака утврди дека првостепениот орган при изрекување на дисциплинската мерка и одмерување на казната, ги имал во предвид како олеснителни околности , околноста дека фудбалерот забранетата супстанца не ја внел со намера да ги подобри своите физички перформанси туку ја внел поради влошена здравствена состојба која во првостепената постапка ја поткрепил со соодветна медицинска документација. За состојбата во која се нашол, лекомислено сметал дека му е доволно само мислењето на клубскиот лекар и не побарал Дозвола за Терапевтска Употреба.

Комисијата при разгледување на жалбените наводи и одлучување ја имаше во предвид и изјавата дадена во првостепената постапка од страна на Претседавачот на Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ, д-р Стоилов, овластен да врши анти-допинг контроли, дека забранетата супстанца не претставува специфична супстанца туку друг анаболичен агенс.Од овие причини Комисијата утврди дека неоснован е и жалбениот навод дека поради погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба погрешно е применето и материјалното право односно Дисциплинската комисија требала наместо одредбите од 64 и 64а да ги примени одредбите на член 64 в од ДП на ФФМ кои уредуваат одмерување на казна во случај забранетата супстанца да е содржана во групата на специфични супстанци .

Согласно погоренаведеното а врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 во врска со член 64, 64а и 70 од ДП на ФФМ Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
вд Претседавач,
Димитар Трајчевски

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ SKOPJE СКОПЈЕ

деловоден број 10-2510/2

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2218/2
14.11.2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член , , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2218/1 од 09.10.2018 година а во врска со одлуката на комисија за жалби на ФФМ БР.10-2459/3 ОД 08.11.2018 година ја дополни дисциплинската постапка покрената против против Ф.К.Кораби поради користење на пиротехнички средства на натпреварот одигран во рамки на 8 коло Втора МФЛ одигран на ден 07.10.2018 година помеѓу Ф.К.Кораби-Ф.К.Тетекс на Градски стадион во Дебар на седницата одржана, на 14.11.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. **Ф.К.Кораби СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВАФ.К.Кораби** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2218/1 од 09.10.2018 година а во врска со одлуката на комисија за жалби на ФФМ БР.10-2459/3 ОД 08.11.2018 година ја дополни дисциплинската постапка покрената против против Ф.К.Кораби поради користење на пиротехнички средства на натпреварот одигран во рамки на 8 коло Втора МФЛ одигран на ден 07.10.2018 година помеѓу Ф.К.Кораби-Ф.К.Тетекс на Градски стадион во Дебар . Постапувајки по пријавата и одлуката на комисијата за жалби ,дисциплинската комисија ги разгледа материјалните докази и тоа:пријава од Комисија за натпревари,записник од натпреварот,делегатски извештај,изјава од судиите на натпреварот,изјава од преставник на комисијата за безбедност,изјава од контролорот на натпреварот.

По разгледување на материјалните докази комисијата ја утврди следната фактичка состојба

На ден 07.10.2018 на Градскиот стадион во Дебар во рамки на 8 коло Втора Мфл Запад одигран е првенствен натпревар помеѓу екипите на Ф.К.КОРАБИ-Ф.К.ТЕТЕКС АД.

Во текот на натпреварот забележана е употреба на пиротехнички средства –најмалку 4 бакли од кои 2 на почеток на натпреварот и две во второ полувреме од страна на навивачите на домашната екипа.Натпреварот завршил без инциденти.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 ст.6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.
Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Кораби**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801 – 2432/3
14. 11 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – член,Сашка Зердеска-член, Дејан Бошков- член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2432/1 од 06.11.2018 година против Ф.К.Каменица Саса за слаба организација ,односно присуство на неслужбени лица во службените простории,вршење на притисок од страна на домашната урава на клубот при составување на записникот, на натпреварот одигран во рамки на 11 коло Втора МФЛ одигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Борец 1919 на Градски стадион во Македонска Каменица на седницата одржана, на 14.11.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **Ф.К.Каменица Саса СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500(петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Ф.К Каменица Саса , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапуа четворкивајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2432/1 од 06.11.2018 година против Ф.К.Каменица Саса за слаба организација ,односно присуство на неслужбени лица во службените простории,вршење на притисок од страна на домашната урава на клубот при составување на записникот, на натпреварот одигран во рамки на 11 коло Втора МФЛ одигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Борец 1919 на Градски стадион во Македонска Каменица постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На поувремето од натпреварот одигран во рамки на 11 коло Втора МФЛ одигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Каменица Саса-Ф.К.Борец 1919 на Градски стадион во Македонска Каменица,неслужбени лица се обиделе да влезат во судиската соблекувална и вербално ги нападнале судиите на натпреварот со погрдни зборови и пцовки и удирање во вратата од соблекувалната,по завршување на натпреварот од страна на домашната публика биле фрлени камења и пластични шишина кон судиската четворка,во службената просторија каде што се составувал записникот неколку службени лица попречувале во составување на записникот по реакција на лице ов МВР лицата биле отсранети од службената просторија а записникот бил направен без никакви дополнителни проблеми.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 48,член 49,член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ, одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Каменица Саса**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-2433/2
14.11 2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов-–член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2433/1 од 06.11.2018 година противФ.К.Тетекс, порадикористење на пиротехнички средства на натпреварот одигран во рамки на 12коло Втора МФЛодигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Тетекс-Ф..Струга Трим Лум на седницата одржана, на 14.11.2018 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Ф.К.Тетекс АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од500(Петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВАФ.К.Тетекс АД** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2433/1 од 06.11.2018 година противФ.К.Тетекс, порадикористење на пиротехнички средства на натпреварот одигран во рамки на 12коло Втора МФЛодигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Тетекс-Ф..Струга Трим Лум, постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај, изјава од клубот Ф.К.Тетекс АД.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Навивачка група Војводи во текот на натпреварот одигран во рамки на 12 коло Втора МФЛ одигран на ден 03.11.2018 година помеѓу Ф.К.Тетекс-Ф..Струга Трим Лум ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во повеке наврати и тоа во 3 минута ,36 минута ,40 минута биле испукани петарди од страна на навивачката група,на почетокот на второ полувреме во теренот за игра биле фрлени ролни хартија и неколку петарди по што настанал мал прекин редарската служба ги отсранила ролните од терен по што натпреварот продолжил,во 51минута од натпреварот помошникот судија бил погоден со ролна хартија во пределот на главата при што дошло до 3 минутен прекин,во 83 минута од натпреварот дошло до прекин на натпреварот бидејки биле запалени поголем број на бакли и испукани петарди по расчистување на чадот од баклите натпреварот продолжил.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од ,член 51 ст.6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Тетекс АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов -член и Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2480/1 од 13.11.2018 година против Ф.К.Победа АД, поради слаба подготвност за натпревар,непочитување на член 48 од Правилник за натпреварување (немање лекар во Стручен Штаб на клупата за резервни Фудбалери) член 85 од ДП на ФФМ занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Ренова АД-Ф.К Победа АД на Градски Стадион во Тетово на седницата одржана на ден 14.11.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**1.СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против **Ф.К.Победа АД**, поради слаба подготвност за натпревар,непочитување на член 48 од Правилник за натпреварување (немање лекар во Стручен Штаб на клупата за резервни Фудбалери) член 85 од ДП на ФФМ занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Ренова АД-Ф.К Победа АД на Градски Стадион во Тетово.

**2.СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** овластено лице на **Ф.К.Победа АД** и службени лица на натпреварот да достават писмена изјава во врска со овој настан во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2480/1 од 13.11.2018 година против Ф.К.Победа АД, поради слаба подготвност за натпревар,непочитување на член 48 од Правилник за натпреварување (немање лекар во Стручен Штаб на клупата за резервни Фудбалери) член 85 од ДП на ФФМ занемарување на обврски на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Ренова АД-Ф.К Победа АД на Градски Стадион во Тетово,одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К Победа АД**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Судиски оддел на ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 2480/2

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801 – 2481/2
14.11 2018 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов -член и Дејан Бошков- член, Сашка Зердеска –член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2481/1 од 13.11.2018 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација (користење на пиротехника,по завршување на натпреварот фрлање на тврди предмети во терен запалки,метални пари,од страна на публиката на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ одигран на ден 10.11.2018 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на стадион во Чаир, на седницата одржана на ден 14.11.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против Ф.К.Шкупи 1927 АД по член 51 поради слаба организација (користење на пиротехника,по завршување на натпреварот фрлање на тврди предмети во терен запалки,метални пари,од страна на публиката на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ одигран на ден 10.11.2018 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на стадион во Чаир,.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** овластено лице на Ф.К.Шкупи 1927 АД и службени лица на натпреварот да достават писмена изјава во врска со овој настан во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2481/1 од 13.11.2018 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација (користење на пиротехника,по завршување на натпреварот фрлање на тврди предмети во терен запалки,метални пари,од страна на публиката на натпреварот одигран во рамки на 14 коло Прва МФЛ одигран на ден 10.11.2018 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на стадион во Чаир, одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Шкупи 1927 АД**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Судиски оддел на ФФМ**

Деловоден бр. 0801- 2481/2

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**